# П О С Е Б Н И   У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛИ

-Пречистен текст-

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Значење на одделни изрази во овие услови**

**Осигурувач** - е Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје.

**Договарач на осигурување** - е физичко или правно лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување.

**Осигуреник** - е извршител, заменик на извршител и помошник на извршителот.

**Извршител,** е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, именуван согласно со одредбите на Законот за извршување, кои директно одлучува за дејствијата што треба да се преземат во рамките на неговите овластувања, за да се спроведе извршна одлука и да ги преземе извршните дејствија

**Заменик на извршител и помошник на извршителот** се лица кои се овластени од извршителот за спроведување на извршни дејствија, кои дејствуваат во име и за сметка за извршителот и кои се овластени и именувани согласно со одредбите на Законот за извршување.

**Трето лице** - е корисник на осигурување кое ќе претрпи штета со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има извршителот, заменик на извршителот и помошник на извршителот согласно со Законот за извршување, освен лица од членот 44 од Законот за извршување.

**Полиса** - е исправа за склученото осигурување.

**Франшиза** - е паришен износ со кој осигуреникот учествува во секоја штета.

**Сума на осигурување** - е највисок износ на обврската на осигурувачот.

**Премија за осигурување** - е износ што договарачот на осигурувањето односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 1 Предмет на осигурување**

Предмет на осигурување согласно на овие Услови е законската одговорност на извршителите за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите кои согласно Законот за извршување се должни да ги спроведат и извршат.

Согласно овие Услови, предмет на осигурување е и законската одговорност на заменици и помошници на извршители за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите кои согласно Законот за извршување и овластувањата кои им се дадени од страна на извршителот се должни да ги спроведат и извршат.

Во случај на настанување на штета, согласно овие Услови се надоместува материјална штета на сите оштетени трети лица во време на траење на осигурувањето освен лица од членот 44 од Законот за извршители.

Со осигурувањето не се опфаќаат штети кои се причинети со кривично дело.

**Член 2 Сума на осигурување**

Сумата на осигурување наведена во полисата претставува горната граница на обврските на осигурувачот по полисата за сите штети што ќе настанат за времетраење на осигурувањето.

До колку настанат повеќе штети, кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат смата на осигурување, обврската на осигурувачот е до сумата на осигурување.

Со исплата на сумата на осигурување од полисата осигурувањето престанува да важи.

**Член 3 Дејствија чиешто незаконито спроведување и неизвршување претставува извор на опасност**

Извор на опасност се штети кои можат да настанат на трети лица поради незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите кои извршителите, согласно Законот за извршување се должни да ги спроведат и извршат.

Во рамките на дејноста која ја врши и за која има овластување, извршителот ги презема следниве дејствија:

-прима писмени и усни барања за извршување;

-врши достава на судски писмена;

-врши достава на налози, записници, заклучоци и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа;

-врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето;

-прибира податоци за имотната состојба на должникот во функција на извршувањето;

-донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки, согласно со одредбите на Законот за извршување;

-врши попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, права и недвижности, прима средства од должникот, предава во владение и распределува средства;

-врши иселување и други извршни дејствија потребни за спроведување на извршувањето определени со закон и подзаконски акти;

- врши објавување во средствата за јавно информирање и

- врши и други дејствија предвидени со закон.

**Член 4 Осигурен случај**

За осигурен случај според овие услови се смета причинета штета која извршителот ќе ја предизвика на трети лица со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите кои согласно Законот за извршување се должни да ги спроведат и извршат.

Незаконито спроведување или неисполнување на должностите на извршителот, наведени во член 3 од овие Услови, се утврдува со одлука на надлежен претседател на суд донесена во постапка согласно одредбите на Законот за извршување.

Се смета дека осигурениот случај настанал оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне оштетно побарување од трето лице за материјална штета.

Осигурениот случај треба да биде иден и неизвесен. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејствие, односно настанало пропуштање при вршење на дејност означена во полисата, со кое е предизвикана материјална штета на трето лице.

**Член 5 Штети исклучени од осигурувањето**

Од осигурување се исклучени сите штети кои се настанати а не се оквалификувани со одлука од страна на надлежниот претседател на суд како штети настанати поради незаконито спроведување или неисполнување на должности определени со законот за извршување.

Од осигурување се исклучени и сите штети кои се причинети со кривично дело.

## III. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 6 Склучување на договор за осигурување**

Договорот за осигурување се склучува врз основа на усмена или писмена понуда, а склучен е кога договорувачите ќе потпишат полиса за осигурување.

Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.

**Член 7 Почеток и престанок на осигурувањето**

Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурувањето.

Обврската на осигурувачот престанува со истекот на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.

Осигурувањето може да престане поради: престанок на вршење на дејност, отказ и во други случаи кога постојат законски пречки.

Обврската на осигурувачот престанува со исплата на сумата на осигурување од полисата, без оглед на договорениот ден на истек на осигурувањето

**Член 8 Плаќање на премија**

Договарачот на осигурувањето, премијата за осигурување ја плаќа веднаш при склучување на договорот за осигурување, ако поинаку не е договорено.

**Член 9 Обврска на осигуреникот и оштетениот кога ќе настане осигурениот случај**

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетното побарување од оштетениот.

Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во документацијата со аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави целокупна документација од надлежен орган, кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.

Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.

Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.

Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на шетата и е должен да ги презентира сите документи и факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.

Оштетениот, во секој случај, каде и да го упати барањето за надомест на штета треба да достави одлука од надлежен претседател на суд со која одлука се утврдува дали извршителот во спроведувањето на дејствијата постапил законито односно ги исполнил должностите кои ги има согласно со законот за извршување.

Во случај штетата да е настаната како резултат на кривично дело, осигуреникот е должен на осигурувачот да достави правосилна судска пресуда.

До колку осигуреникот не се придржува кон обврските од овој член, самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал кон обврските.

**Член 10 Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетено лице**

Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното (трето) лице, осигурувачот има обврска:

- заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);
- да ја надомести настанататата штета (надомест на штета);
- да ги надомести трошоците по сускатa постапка (надомест на судските трошоци).

**Член 11 Правна заштита**

Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:

- водење спор во име на осигуреникот ако оштетениот остварува право на надомест на штета во процесната постапка;
- давање во име на осигуреникот изјави кои што смета дека ќе бидат од корист за задоволување или одбрана од неосновано или превисоко барање за надомест на штета.

Водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот кој е должен да се придржува на упатствата кога се работи за неоправдани барања.

Осигурувачот е овластен да одбие да води спор во име на осигуреникот, ако оцени дека нема место за давање правна заштита и во случај кога висината на надоместот на штетата ја надминува сумата на осигурување.

Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и неговата обврска на правна заштита.

**Член 12 Надомест на штета**

Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена сметано од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.

До колку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утврдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета.

Осигурувачот има обврска да надомести материјална штета во висина на стварна штета но не повеќе од осигурената сума, по еден штетен настан.

**Член 13 Надомест на трошоците по постапката**

Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, доколку заедно со надоместот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.

Трошоците за кривичната постапка, како и трошоците за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.

Кога ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од сите понатамошни давачки во име на надомест на штета и трошоци.

**Член 14 Непосредно барање од оштетено лице**

Ако оштетеното лице, своето барање и тужба за надомест на штета ги упати само спрема осигурувачот, осигурувачот е должен да го извести осигуреникот и да го повика да ги презентира сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.

До колку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Член 15 Утврдување и процена на штета**

Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот, односно нивни овластени претставници.

Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредна документација достапна на увид на овластениот претставник на осигурувачот, согласно со позитивните законски прописи.

**Член 16 Вештачење на штета**

До колку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорните страни и оштетениот, секоја заинтересирана страна може на свој трошок да побара штетата да се утврди и процени по пат на вештачење од страна на овластен судски вештак.

**Член 17 Висина на надомест на штета**

Висината на надоместот на штета не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.

Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурување, со што престанува и обврската на осигурувачот.

**Член 18 Право на регрес**

Осигурувачот задржува право на регрес од осигуреникот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со кривично дело, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.

**Член 19 Територијално важење на осигурувањето**

Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што ќе настанат на територијата на Република Македонија.

**Член 20 Важност на Општите услови за осигурување од одговорност**

Составен дел на договорот за осигурување склучени според овие Посебни услови за осигурување одговорност на извршители, се Општите услови за осигурување од одговорност, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Посебни услови, се применува соодветната одредба од Посебните услови.

Овие Посебни услови за осигурување одговорност на извршители се донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК - Скопје, на 26-та редовна седница на Одборот одржана на ден 28.03.2006 година, со Одлука број 0202-1338/5, со примена од 28.03.2006 година, измените и дополнувањата донесени на ден 05.02.2008 година од Извршниот директор на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК – Скопје, со Одлука број 0203-945 година ,со примена од 05.02.2008 година, верификувана од Одборот на директори на 42-та редовна седница одржана на ден 28.02.2008 година со Одлука број 0202-1669/4 и измените и дополнувањата донесени на 100-та редовна седница на Одборот одржана на ден 28.03.2014 година со Одлука број 0202- 2305/5 со примена од 01.04.2014 година.

**Скопје, Март 2014 година**